РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-745/2
12.04.2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 став (2) од Статутот на Агенција за филм на Република Северна Македонија, а во согласност со член 20 став (1) и (3) од Статутот на Агенција за филм на Република Северна Македонија и член 21 став (1) алинеа 9 од Законот за филмската дејност („Службен весник на РСМ" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18 и 275/19), Управниот одбор на седница одржана на 07.04.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Правилник за учество на Агенцијата за филм на Република Македонија во финансирање на стручното и професионално усовршување на кадри во областа на филмот и поддршка на членство на Р.Македонија во меѓународни филмски организации

Член 1

Во Правилникот за учество на Агенцијата за филм на Република Македонија во финансирање на стручното и професионално усовршување на кадри во областа на филмот и поддршка на членство на Р.Македонија во меѓународни филмски организации бр. 01-1917/1 од 21.12.2018 година, изменет и дополнет со Одлука на Управен одбор бр.02-404/6 од 06.03.2023 госина, во став (2) на член 4 реченицата пред запирката се менува и гласи:

„(2) Како докажан во својата област се смета лицето кое во момент на аплицирање има учествувано во реализација на најмалку два краткометражни професионални филмови што се јавно прикажани".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Игор Шокаровски

Доставено до:
Управен одбор на Агенција
Директорот
Архива
Административен сектор